Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-9617/1
13.10.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Скопје, Октомври 2026 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија, бр. 27/14, 199/14, 27/16, 142/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19, 14/20, 302/20 и 208/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2, од 01.12.2015 година, бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, бр. 04-2753/2 од 20.02.2016 година, бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, бр. 04-8800/3 од 29.09.2016 година, бр. 04-10445/1 од 01.12.2016 година, бр. 04-994/1 од 01.02.2017 година, бр. 04-2947/1 од 11.04.2017 година, бр. 04-5497/1 од 31.07.2017 година, бр. 04-2591/1 од 03.02.2018 година, бр. 04- 5444/1 од 26.04.2018 година, бр. 04-6112/1 од 17.05.2018 година, бр. 04-8025/3 од 03.08.2018 година, бр. 04-9996/2 од 06.11.2018 година, 04-7601/1 од 18.07.2019 година, 04-10416/1 од 18.10.2019 година, бр. 04-10904/1 од 31.10.2019 година, бр. 04-12588/3 од 19.12.2019 година, бр. 04-12851/1 од 23.12.2019 година, бр. 04-6984/1 од 23.09.2020 година, бр. 04-369/1 од 11.01.2021 година, бр. 04- 1488/1 од 02.02.2021 година, бр. 04-4534/3 од 29.04.2021 година, бр. 04-7378/2 од 14.09.2021 година, бр. 04-2523/3 од 10.02.2022 година, бр. 04-5292/2 од 29.04.2022 година, бр. 04-9266/1 од 16.09.2022 година, бр. 04-12767/2 од 02.12.2022 година, измена бр. 04-471/1 од 11.01.2023 година, измена бр. 04-869/1 од 18.01.2024 година, измена бр. 04-6660/6 од 12.08.2024 година, измена бр. 04-1815/3 од 05.02.2025 година, измена бр. 04-1815/5 од 12.06.2025 година, измена бр. 04-1815/7 од 06.08.2025 година.

Член 2

Во членот 31 - Сектор за организација и координација на подрачни единици во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 285, шифра УПР 01 01 502 000 Раководител на сектор за организација и координација на подрачни единици во делот на работни цели зборот „контролира"се заменува со зборот „следи", во делот на работни задачи и обврски алинеата 2 се менува и гласи:

„Следи и прави анализа над извршената работа во делокруг на подрачните единици и предлага концепти на донесување заклучоци за потребите на работните тела."

Во делот на работни задачи и обврски алинеата 3 -Ги контролира извршените работи и податоци од регистарите кои се водат во МЗШВ и предлага концепти за донесување заклучоци за потребите на работните тела, се брише.

Член 5

Во членот 29 – Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели во Одделение за консолидација на земјоделско земјиште во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 243, шифра УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за консолидација на земјоделско земјиште, во делот на Вид на образование зборовите: „ Растително производство, Наука за земјиштето и хидрологија „ се заменува со зборовите: Земјоделски и ветеринарни науки-земјоделство, шумарство и рибарство

Член 6

Во членот 31 – Сектор за организација и координација на подрачни единици во ПЕ Струга во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 532, шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за управување, обработка и анализа на податоците од регистрите на министерството, во делот на Вид на образование зборовите: „Економски науки и Преработка на дрво„ се заменува со зборовите „Општествени науки Економија и Бизнис„.

Член 7

Во членот 41 – Сектор за шумска полиција во ШПС Велес во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 911, шифра ШУМ 02 07 А04 001 Заменик командир на шумско полициска станица Велес, во делот на Вид на образование зборовите: „ Шумарство„ се заменува со зборовите „Високо образование„.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

МИНИСТЕР,

Д-р Борче Серафимовски

Број 04-_____
од_____ 2026 година
Скопје